


# ТАЊА ТАНЕВСКА

## жичани инструменти

Се менуваат нашите вредности, нашите погледи врз нас самите и врз светот околу нас, и не поттикнуваат да бидеме креативни во нивното решавање.

Во тој контекст на нашето постоење во ова консумеристичко општество насочен е интересот на авторката Тања Таневска на полето во реконструкција на минливоста на материјалите кои ги избира (женски чорапи, амбалажа, картони) и ги преточува во една нова сопствена возбудлива приказна за взаемноста на музиката и ликовната уметност и нивната поврзаност во техниката на колажот.

Авторката низ сопствените истражувања, но и искуствата преземени од историскиот контекст на кубистичките колажи, ги преточува и сублимира во сопствени лесни, брзи знаковни системи на нивните кодови.

Нејзиниот интерес за колажот како техника претставува можност на материјалите да им даде нов живот и значење, а тие низ креативноста на авторката да го добијат ефектот на ,,размножување“ за подоцна да добијат и други форми преточени и во нејзиното сликарство.

Колажите ја носат во себе семантиката на формите на жичените инструменти од кои најприсутен е обликот на гитарата. Тие во себе го обединуваат машко – женскиот принцип, хармонизиран во бесконечноста на универзалната смисла на постоење. Авторката Тања Таневска во колажите менталните игри ги преточува низ ликовниот јазик, кој организира низ тонските вредности надополнети од обоеноста на материјалите и нивните текстури во сложувалка во која се дополнуваат и испреплетуваат транспарентноста и полнотијата на материјалноста , со што таа го отфрла кафезот што тежи од внатрешното искуство и им дава ,,одраз“ на слобода во нивната хетерогеност.

Ликовен уметник м-р Жаклина Глигориевска –Кочоска

Лекториран текст Даниела Костова




наслов „РЕ„ тех. колаж 40х30 цм 2014 год.




наслов „ Љу“ тех. колаж 40x30 цм 2014 год.




наслов „О“ тех. колаж 40x30 цм 2014 год.




наслов „ПО“ тех. колаж 20х30 цм 2014 год.




наслов „CP-1“ тех. колаж 40x30 цм 2014 год.




наслов „А“ тех. колаж 40х30 цм 2014 год.



наслов „СО“ тех. колаж 20x30 цм 2014 год.

# ТАЊА ТАНЕВСКА

Родена е 1971 год. во Скопје.
**2010** - Факултет за Ликовна Уметност, постдипломски студии, мастер по сликарство, Приштина, класа на проф. Заке Превукај.
**2006** - Усовршување на графички техники, во графичката работилница кај проф. Трајче Блажевскина ФЛУ (факултетот за Ликовна Уметност).
**2006** - едномесечен студиски престој во Дрезден, Германија *(Grafikwerkstatt Dresden in den Technischen Sammlungen der Stadt Dresden).*
**2000/2001/2004** - Користење на ателје во *„Cité internationale des arts“* во Париз Франција.
**1996** - Дипломирала на Факултетот за Ликовна Уметност во Скопје, во класата на проф. Рубенс Корубин, отсек Педагошки - сликарство.
**1997** - Член е на друштвото на ликовните уметници на Македонија (ДЛУМ).
Живее и работи во Скопје.
e-mail: tanevskat@yahoo.com

***САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ***
2016 Прилеп, Македонија „Жичани инструменти“ НУЦК „Марко Цепенков“
*2014* Софија, Бугарија ,,Космички Еротизам“ на струината и облината, РМ КИЦ Софија
2012 Кавадарци , Македонија ,,Загатка на писмото,, Дом на култура
2011 Неготино, Македонија,,Emocii,,Art Galeri
2010 Скопје, Македонија „ Записи за Вистината “, Национална галерија на Македонија, Чифте амам
2008 Прилеп, Македонија, Циклус 5. цртежи, НУЦК „Марко Цепенков“
2007 Скопје, Македонија Изложба по повод на збратимени градови Скопје - Дрезден, КИЦ
2007 Марибор, Словенија ДЛУМ
2007 Дрезден, Германија Изложба по повод на збратимени градови Скопје - Дрезден, галерија*„Kunsthaus Gallery“*
2006 Дрезден, Германија ,,Дневникот со тврда корица бр.10'', *Alte Feuerwache Loschwitz*
2006 Скопје, Македонија Интернационален поетски настан "Илинден", хотел Белви
2005 Берлин, Германија „*Шодо*“, Прима центар
2004 Охрид, Македонија Меѓународна манифестација „Прличеви денови“
2003 Скопје, Македонија „*Атанор*“, Музеј на град Скопје
2003 Загреб, Хрватска Циклус 3. цртежи, Кула Лотршчак
2001 Белград, Србија Галерија Београд
2001 Париз, Франција „Сетилна лирска исповедливост“,
*Cité internationale des arts*
2000 Скопје, Македонија Циклус1.,КИЦ
1999 Македонија „Душата на каменот“,
(Скопје, Битола, Куманово, Струмица, Прилеп)

***ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ***
Учествувала на повеќе од 200 групни изложби во земјата и во странство.

***КОЛОНИИ*** Учествувала на 38 колонии во земјата и во странство.




наслов „WI“ тех. колаж 20x30 цм 2014 год.

Издавач:
НУЦК „Марко Цепенков“ Прилеп
За издавачот: Тони Чатлески
Дизајн и графичка подготовка:
Марјан Стојаноски
Печати: ДОО Ацетони Прилеп
Тираж: 300
септември 2016




Министерство за култура на Република Македонија